**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

**ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

22.10.2023 година

# Одлуки од четвртата седница на УО

УО на ШФМ, на 21.20.2023 година ја одржа својата четврта седница.

На седницата беа разгледувани следниве точки:

1. **Усвојување на записникот од Третата седница на УО и од електронското гласање во Мај 2023**
2. **Критериуми кои треба да ги исполнуваат младинските турнири за да добијат финансиска помош од ШФМ и дефинирање на висината на финансиската помош**
3. **Одбележување на 100 годишнина на ФИДЕ**
4. **Одредување на претставници од Македонија за Медитеранското Поединечно Сениорско Првенство, ноември 2023**
5. **Финансирање на учество на младински шампиони со исклучителни резултати на светски и европски поединечни првенства**
6. **Организирање на поединечно сениорско првенство во рапид и блиц за 2023 година**
7. **Дефинирање на такса која треба да ја плати субјект/клуб/поединец при доставување на барање на официјалните адреси на ШФМ**
8. **Воведување на задолжително лекарско уверение за репрезентативци младинци и сениори**
9. **Разно**

**9.1. Соработка со Федерација на училиштен спорт за организација на училишните натпревари по шах**

**9.2. Пријава на репрезентации кои учествуваа на Светското Сениорско Првенство и кои постигнаа особен резултат за награда во Агенција за Млади и Спорт**

**9.3. Буџет за одржување на Веб страната на ШФМ**

**9.4. Одлука за донација на фигури и часовници на клубови**

**9.5. Барање од ВМ Евгени Романов да биде регистриран на Македонска листа и да му се овозможи право на престој**

**9.6. Организирање на камп за репрезентативци**

По секоја од тие точки Управниот одбор ги донесе следниве одлуки:

1. **Усвојување на записниците од Третата седница на УО и од електронското гласање во Мај 2023**

   **Едногласно беа усвоени** записникот од Третата седница на УО одржана на 20.05.2023 година и од Електронското изјаснување од мај 2023 година.

2. **Критериуми кои треба да ги исполнуваат младинските турнири за да добијат финансиска помош од ШФМ и дефинирање на висината на финансиската помош**

   **На гласање беше ставен предлогот:**

   За да биде поддржан од ШФМ турнирот треба да ги исполнува следниве услови: да има вкупно минимум 100 учесници до 18 години на целиот настан, да биде во стандард темпо, турнирот да се организира во една просторија со соодветна вентилација, да биде рејтингуван и од меѓународен карактер со учесници од минимум три федерации, да има минимум 7 кола во 4 дена, организаторот да биде шаховски клуб член на ШФМ. Финансиската поддршка која ќе ја обезбеди ШФМ за турнир кои ги исполнува условите е максимум 200 Евра (во денарска противвредност).

   **Предлогот беше едногласно усвоен.**

3. **Одбележување на 100 годишнина на ФИДЕ**

   **На гласање беше ставен предлогот:**

   Шаховската Федерација на Македонија ќе учествува во иницијативата за одбележување на 100 годишнината од формирањето на ФИДЕ. На наредниот состанок на УО ќе се разгледуваат конкретни предлози.

   **Предлогот беше едногласно усвоен.**

4. **Одредување на претставници од Македонија за Медитеранското Поединечно Сениорско Првенство, ноември 2023**

   **На гласање беше ставен предлогот:**

Претставник од Македонија на претстојното Медитерански Поединечно Првенство да биде Никола Николовски, патните трошоци да ги покрие учесникот а регистрацијата ШФМ.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

**5. Финансирање на учество на младински шампиони со исклучителни резултати на светски и европски поединечни првенства**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Оваа година да се платат трошоците за учество на Антон Златков на Светското Јуниорско Првенство во Италија. При што ќе биде третиран како секој „поканет играч“ и ШФМ ќе ги покрие трошоците за престојот и котизацијата спрема ФИДЕ. Додека сите дополнителни трошоци (превоз, регистрација и слично) ќе ги покрие учесникот.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

**6. Организирање на поединечно сениорско првенство во рапид и блиц за 2023 година**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Поединечно првенство во рапид и блиц на Македонија да се организира во февруари 2024 година.

**Предлогот беше усвоен со 6 гласа за, и 1 (Агим Шемшији) воздржан.**

**7. Дефинирање на такса која треба да ја плати субјект/клуб/поединец при доставување на барање на официјалните адреси на ШФМ**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Секој субјект/лице кое ќе достави до ШФМ разни дописи за разгледување, приговори, барања за дополнителни извештаи и слично за истите треба да плати

и такса од 3.000,00 денари.
Секој субјект лице кое за време на шаховски турнир организиран до ШФМ ќе достави до ШФМ или до официјалните лица на турнирот жалба за недоследности на самиот турнир за истата ќе треба да плати такса од 6.000,00 денари.
Од такса се изземаат барања од типот: за издавање на потврда за број на членови на клуб, за учество на настан (на клуб или поединци членови на клубови), потврда за регистрација, барање за стипендии. Паричните средства се плаќаат на сметка на ШФМ**.**

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

**8. Воведување на задолжително лекарско уверение за репрезентативци младинци и сениори**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Од 2024 година се воведува задолжително лекарско уверение/преглед од овластен доктор по спортска медицина за сите членови на шаховските репрезентации на Македонија (сениорски и јуниорски). Прегледот е со важење од 2 години и истиот е на трошок на репрезентативецот.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

**9. Разно**

**9.1. Соработка со Федерација на училиштен спорт за организација на училишните натпревари по шах**

**На гласање беше ставен предлогот:**

ШФМ има позитивен став за соработка со Федерацијата за Училиштен Спорт, но пред да ја дадеме нашата поддршка за овој настан треба да побараме официјален состанок и да се договориме за начинот на понатамошна соработка.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

**9.2 Пријава на репрезентации кои учествуваа на Светското Сениорско Првенство и кои постигнаа особен резултат за награда во Агенција за Млади и Спорт**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Да се проследи барањето на ШК Алкалоид и до Агенција за Млади и Спорт да се достави барање за доделување на награда.

**Предлогот беше усвоен со 5 гласа за и 2 воздржани (Рамиз Дема и Воислав Мерџаноски)**

**На гласање беше ставен предлогот:**

До Агенција за Млади и Спорт да се достави барање за доделување на награда на женската репрезентација на Македонија

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

**9.3 Буџет за одржување на Веб страната на ШФМ**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Зоран Илиќ да биде назначен за одговорен за ажурирање на веб страната за годишен надомест од 300 евра во денарска противвредност.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

**9.4 Одлука за донација на фигури и часовници на клубови**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Во согласност со можностите ШФМ периодично да врши обнова на шаховскиот

инвентар а постоечкиот да го донира на шаховските клубови кои имаат потреба од гарнитури.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

**9.5 Барање од ВМ Евгени Романов да биде регистриран на Македонска листа и да му се овозможи право на престој**

**На гласање беше ставен предлогот:**

УО и ШФМ начелно не се против ова барање, но истото треба да биде во согласност со политиката на државата и да се задолжи секретарот Марјан Митков да стапи во контакт со Агенцијата за Млади и Спорт и да ги договори понатамошните чекори.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

**9.6 Организирање на камп за репрезентативци**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Да се организира подготвителен камп за членовите на женската и машката репрезентација во хотел Скардус во период од 27-30.10.2023.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

22.10.2023

Скопје

Шаховска федерација на Македонија

Секретар на УО,

Александра Гакидова